**Проект: Зајакнување на интегритетот кај климатското финансирање**

Центар за економски анализи – ЦЕА
Бул. Јане Сандански 63/3 1000 Скопје, Северна Македонија
www.cea.org.mk
Тел: +389 2 244 4766
Е-пошта:
ceaorgmk@gmail.com
info@cea.org.mk

# Зајакнување на интегритетот кај климатското финансирање – кај локалните самоуправи

*Информација за општини*

## 1. Контекст и потреба

Општините во Северна Македонија имаат сѐ поголема улога во планирањето и спроведувањето на активности поврзани со животната средина и ефектите на климатските промени – управување и заштита на животната средина и природата вклучително и управување со климатските ризици. Овие активности и надлежност на општините се финансираат преку повеќе различни извори како што се буџетите на општините, од трансфери од централната власт, и други донаторски средства.
Анализите покажуваат дека кај локалното финансирање поврзано со животната средина постојат ризици во процесите на управување со локалните финансии кои произлегуваат од недостатоци поради недоволно транспарентно, тешко следливо и со ограничени механизми на отчетност и учество во јавните финансии. **Ова може да предизвика недоследности и ерозија на фискалната дисциплина со што би се појавиле и ризици од корупција, неефикасна алокација на ресурси, ниски перформанси и намалена доверба кај граѓаните и приватниот сектор**. Ова е особено значајно во контекст на:

- зголемени инвестиции поврзани со климатската транзиција,
- обврски поврзани со ЕУ интеграцијата,
- потребата од подобро управување со јавните финансии на локално ниво.

## 2. За проектот

Проектот „Зајакнување на интегритетот во климатското финансирање: Транспарентно и одговорно климатско финансирање за спречување на корупција“, имплементиран од Центарот за економски анализи (ЦЕА), има за цел да обезбеди практична, експертска и аналитичка поддршка на општините за подобрување на начинот на кој што ги планираат, распределуваат и следат трошењата на средствата поврзани со климата и животната средина.

Ко-финансирано од Европска Унија

*Овој документ е изработен со финансиска помош од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на корисникот и под никакви околности не може да се смета дека го одразува ставот на Европската Унија.*

Проектот ќе се спроведува во период од 30 месеци и предвидува директна работа и поддршка на 8 пилот општини, со можност резултатите и алатките понатаму да се применуваат и во други општини.

### 3. Фокус на проектот е на јавните финансии на локално ниво

Проектот е фокусиран на практичните предизвици со кои се соочуваат општините, како што се:

- Оценка на ризиците и недостатоците во процесот на управување на јавните финансии поврзани со финансирање на животната средина
- Поддршка во унапредување на јасноста и конзистентноста и класификацијата на климатско поврзаните буџетски средства;
- Подготовка и поддршка за примена на алатки за следење на климатското финансирање;
- Подобрени капацитети во управувањето со ризици и подобрена усогласеност со регулативата и добрите пракси;
- Подобрена вклученост на јавноста и граѓанските организации во надзорот;
- Подобра комуникација со приватниот сектор и донаторите.

### 4. Што добива општината со вклучување во активностите

Пилот општините вклучени во проектот добиваат техничка структурирана поддршка, која вклучува:

- Оценка на постојните практики за локално климатско и еколошко финансирање со утврдување на недостатоци и препораки за подобрување;
- Техничка поддршка и обуки за општинските службеници (буџет, финансии, развој, животна средина);
- Прирачник за воведување на климатско буџетирање и подобрена отчетност;
- Поддршка за подобрување на транспарентноста, вклучително и преку дигитална алатка за следење на информации;
- Подобрена соработка со локални граѓански организации, кои ќе вршат мониторинг и ќе придонесат со анализа и препораки;
- Видливост и документирани добри практики, кои можат да се користат и за идни проекти и апликации.

### 5. Што се очекува од општините

Од општините се очекува:

- Активна комуникација со проектот во обезбедување на информации и податоци поврзани со процесите на финансирање на животната средина;
- Подготвеност за соработка и учество во работни средби и обуки;
- Интерес за учество во пилотирање на алатки и методологии;
- Комуникација со релевантни локални чинители (јавни претпријатија, совет, јавност, локални бизниси).

Проектот не воведува дополнителни обврски надвор од постојната законска рамка, туку помага таа поефикасно да се применува.

Ко-финансирано од Европска Унија

*Овој документ е изработен со финансиска помош од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на корисникот и под никакви околности не може да се смета дека го одразува ставот на Европската Унија.*

**6. Очекувани резултати за општината и заедницата**

Преку учество во проектот, општините можат да постигнат:

- Намалени ризици од нерегуларности и корупција во финансирањето на програмите за животна средина – зајакнат интегритет
- Подобрена ефикасност како и транспарентност на финансиите поврзани со животната средина;
- Зајакнати административни капацитети;
- Подобрена доверба кај граѓаните и локалните чинители;
- Подобра основа за идни инвестиции и донаторска поддршка;
- Практични препораки за унапредување на локалното управување.

**<u>Резиме</u>**

ЦЕА има долгогодишно искуство во анализа на локални финансии, фискална транспарентност и јавни политики, со активна соработка со општини низ државата.

Проектот е финансиран од Европската Комисија (ЕК) и е усогласен со:

- националните и локалните политики за климатска акција;
- реформите во јавните финансии;
- принципите на добро управување, транспарентност и отчетност.

Технички детали

- **Референтен број на проектот:** ЕК 2025/488-600
- **Имплементатор:** Центар за економски анализи (ЦЕА)
- **Финансирано од:** Европска комисија (ЕК)
- **Времетраење на проектот:** 12/2025-5/2028

Ко-финансирано од Европска Унија

*Овој документ е изработен со финансиска помош од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на корисникот и под никакви околности не може да се смета дека го одразува ставот на Европската Унија.*